[redacted]

До: Државна комисија за спречување на корупцијата
Бул. Пресвета Богородица бр.3
1000 Скопје Република Северна Македонија

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Колку пати одделно во годините 2019,2020 и 2021, ДКСК поради појава на сомнеж, дека имот во сопственост на Република Северна Македонија или на единиците на локалната самоуправа или буџетски средства или средства од јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, преземала мерки за утврдувања на таквите сомневања, согласно член 36 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

Начин на доставување на информацијата:

- **а) по пошта**
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________


СКОПЈЕ SHKUP
Примено / Pranuar 27-09-2021
Орг. Един. | Број / Numri | Прилог / Shtojcë
03 | 3584/1 |


Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во 22.9.2021 година**

[redacted]

**Burim Abazi**

---

**From:** Burim Abazi <b.abazi@dksk.org.mk>
**Sent:** петок, 01 октомври 2021 12:59
**To:** [redacted]
**Cc:** 'i.popovska@dksk.org.mk'
**Subject:** Известување!

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУП...
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KO...
Бр.-Nr. 03-3584/1
01-10-2021 20 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

Почитувани,
Ве известуваме дека согласно член 22 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, се продолжува рокот за постапување во врска со Вашите 9 барања за пристап до информации од јавен карактер доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата и тоа: Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/1 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3578/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/2 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3579/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/3 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3580/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/4 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3581/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/5 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3582/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/6 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3583/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/7 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3584/1 од 27.09.2021 година, Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/8 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3585/1 од 27.09.2021 година и Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под ваш бр. 10-478/9 од 22.09.2021 година и наш бр. 03-3586/1 од 27.09.2021 година, со оглед на обемноста на бараните информации и фактот дека сите 9 барања за пристап до информации од јавен карактер, се поднесени во ист датум и рокот за постапување за сите барања истекува во ист датум, на Државната комисија за спречување на корупцијата му е потребно подолго време за постапување по истите од рокот утврдено во членот 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Ви благодариме за разбирањето,
Со почит,

Бурим Абази,
Службено лице за посредување со информации,

ДКСК KSHPK

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03 - 3584/3

21-10-2021 г./v.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по барање за пристап до информации од јавен карактер заведен под наш бр. 03-3584/1 од 27.09.2021 година, поднесено од [redacted] о донесе, следното

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш архивски бр. 03-3584/1 од 27.09.2021 година, поднесено од [redacted] **СЕ УСВОЈУВА**.

Да се одговори на барањата на начин што до барателот ќе се достави бараната информација.

Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

***Образложение***

До Државната комисија за спречување на корупцијата по писмена форма е доставено барање за пристап до информации од јавен карактер и истите се заведени под наш архивски бр. 03-3584/1 од 27.09.2021 година, поднесено од [redacted]

Со барањето од имателот се бара: *„колку пати одделно во годините 2019, 2020 и 2021 година, ДКСК поради појава на сомнеж, дека имот во сопственост ма Република Северна Македонија или на единиците на локалната самоуправа или буџетски средства или средства од јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за*

*финансирање на изборна и друга политичка активност, преземала мерки за утврдување на таквите сомневања, согласно член 36 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси? ".*

Согласно член 22 став 1 и 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019), Државната комисија по електронски форма преку (е-маил) го извести барателот за продолжување на рокот за доставување на бараната информација, поради фактот дека од страна на барателот се доставени 9 барања за пристап до информации од јавен каркатер, во ист датум и рокот за постапување за сите барања истекува во ист датум.

По разгледување на барањето и утврдување на фактичката состојба, Државната комисија констатираше сите постапувањата по однос на горенаведеното барање се прикажани во посебните извештаи кој се објавени на веб страницата на Државната комисија, поради фактот дека бараната информација е достапна за јавноста, Државната комисија одлучи формата на давање на бараната информација да се даде согласно член 10 став 1 од Упатството за начинот на спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед на ваквата фактичка состојба, а согласно со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Државната комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на истото

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Изготвил:
Согласен:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 03-3584/4
21-10-2021 г./v.

**До**
[redacted]
(застапник / полномошник на барателот)
[redacted]

Предмет: Доставување на барана информација
Врска : Ваш број 10-478/7 од 22.09.2021 година

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер заведен под наш бр. 03-3584/1 од 27.09.2021 година, по предметот: *„колку пати одделно во годините 2019, 2020 и 2021 година, ДКСК поради појава на сомнеж, дека имот во сопственост ма Република Северна Македонија или на единиците на локалната самоуправа или буџетски средства или средства од јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, преземала мерки за утврдување на таквите сомневања, согласно член 36 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси?“*, Ве известуваме за следното:

Во посебните извештаи кој се објавени на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата: Посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања – Претседателски избори и предвремени избори за градоначалник на општина Охрид, градоначалник на општина Ново Село и градоначалник на општина Дебар 2019, Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања – Предвремени избори во Собранието на Република Северна Македонија – 2020 и Посебен извештај за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборна кампања – Предвремени избори за градоначалник на општина Пласница и општина Штип – 2020, се прикажани сите постапувања по однос на Ваше горенаведено барање.

Со почит,

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Биљана Ивановска**

Изработил:
Согласен:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk